**Маркови Кули** (или град **Чрнче**) е тврдина - збег на градот Скопје која лежи 4,5 км на југоисток од центарот на Скопје. Качена е на источниот крај на планината Водно, врз издаден и стрмен варовнички гребен 350 м. високо над полето и Вардар во подножјето. Озгора има поглед врз полето многу километри на север, североисток и исток. Поврзан е со патот што по изохипса врти околу планината, а на тој пат израснале словенските средновековни села Сопиште, Водно, Нерези, Крушопек, Гр(ада)чец.




*Реконструкција на тврдината како кастел во VI век*

На зарамнетиот врв во VI век бил изграден еден необично силен кастел со големина 360 х 90 м. Ѕидовите му биле широки до 2,5 м и зајакнати со 40 кули. Страничните кули имале форма на пентагони со големина до 11 м; акрополата била бранета со 9 тригони. Челната триаголна кула се потпирала на масивен бастион, голем 16 х 13 м. Со ископувањата од 1976 до 1980 г. била истражувана стратиграфијата на слоевите и нивната хронологија, потврдена со монети од Јустинијан I до Ираклиј.

Откопани се делови од обѕидието и 7 кули; сондирани се цистерните за вода и делови од водоводната мрежа, како и делови од други градби. Овој голем и невообичаено силно укрепен кастел со невообичаено големи цистерни за вода и невообичаено голем број кули служел како главна заштита и збег на жителите од рановизантискиот град што стоел во центарот на денешно Скопје; градот кој несомнено може да се идентификува со Јустинијана Прима.

Благодарение на ископувањата и точната стратиграфија денес можеме со голема сигурност да зборуваме за историјатот на тврдината и низ средниот век. Најверојатно во X век почнала обновата на некогашната акропола. Новото обѕидие ги следи остатоците од VI век, наслојувајќи се врз нив. Укрепениот простор мерел 130 x 80 м. Обновени биле 4 кули на источниот ѕид и челниот бастион.

Источниот ѕид е откопан по целата должина. Некогашната порта кон средната тераса во ова време била заѕидана, а на североисточниот агол е отворена нова потрена низ која се влегувало и низ која се цеделе отпадните води од цистерните. Ѕидот е широк само 1,6—1,7 м. Кулите имале неколку катови, судејќи според дупките за греди (етажни) што ги откривме во нив. Подовите во сутеренот лежеле врз рановизантиските подови. Покривните керамиди се од нов, Комнински тип и биле налепени со малтер врз сводовите на кулите. Во две кули откривме слој со силен пожар и во нив парчиња од словенски црепни и византиски монети од XIII век (Теодор I, 1204—1222 г.), како траги од освојување на крепоста.

Просторот во обѕидието бил изграден. Откопани се повеќе градби што биле користени во средниот век. Тоа се:

Од пресловенските градби останале добро запазени и непотрупани двете големи цистерни за вода. Биле градени извонредно масивно, длабоки до 10 м, а собирале најмалку 2.400 м³ вода. Помалата цистерна била препокриена со керамиди во XI и XII век. До неа била поставена и нова водоводна линија, градена од керамички тубули со малтер (водата била носена од изворите кај с. Горно Водно). Еден крак од водоводот водел до југозапаниот агол на поголемата цистерна, снабдувајќи ја и неа со питка вода. Меѓутоа, сводот над неа во средниот век веројатно бил веќе урнат, а северниот ѕид длабоко пробиен, така што можело однадвор слободно да се влегува во цистерната како во отворена просторија. Делот на цистерната веројатно бил користен како коњушница. Покриен бил со кос дрвен покрив многу понизок од работ на цистерната. На ова упатуваат дополнително всечените лежишта за греди низ пиластрите во западниот ѕид. Крај јужниот ѕид на оваа цистерна во XI и XII век стоела една долга градба паралелна со неа, ѕидана без малтер. Подот и лежел во височина на круништето на цистерната. Во неа е најдена сликана византиска грнчарија од XI - XII век.

Бањата била изградена на тесниот простор помеѓу помалата цистерна и обѕидието, а врз остатоците на еден магацин од VI век. Има специфичен систем за затоплување

оздола, сосем поинаков од античките хипокаустни уреди. Носачите на подот се градени во вид на масивни крајѕидни банкини и средишни квадратни подиуми. Меѓу нив се оставени канали за проток на топол воздух, длабоки до 0,75 м. Помали каналчиња за топол воздух се всечени во масата на носачите, а цевките за вентилација вертикално биле вѕидани во ѕидовите и обложени со керамички тубули. Едно ложиште (префурниум) е откриено под прагот на западниот дел, лачно надсводено со големи тули. Подот во двете простории бил обложен очигледно со дрвени штици, чии што изгорени остатоци се најдени на целиот простор. Бањата горе била засводена и покриена со керамиди од Комнински тип, а глеѓосаната грнчарија датира од XII до XIII век.



*Реконструкција на византиски дворец во крепоста*

Дворецот се наоѓа во средишниот дел на акрополата. Има правоаголна основа (22,5 x 12 м.). Тој е граден со малтер, а бројните дрвени греди во ѕидовите му давале поголема цврстина (систем сантрач). Ѕидовите биле украсени со дерсување, а подот покриен со малтерна кошулка. Градбата имала 3 простории во една низа и отворен трем пред нив по целата должина. Има индиции дека градбата имала и кат. Ова е класичен тип на големи балкански куќи со чардак, сочувани и денес тука како „турски“ тип куќи. Во северозападниот агол на тремот, однадвор, бил потпрен санитарниот јазол. Датиран е со сликаната византиска грнчарија и керамидите од Комнински тип во XI - XII век. Големината на оваа градба, квалитетот на ѕидањето и украсите, покрај доминантната положба над околината, зборуваат за нејзиниот репрезентативен карактер. Станува збор несомнено, за еден дворец (вила) на управните големци од Скопје од тоа време. Помошните градби околу неа само се назираат на теренот и не се откопани.



[illegible]